РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3242/2
04-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по поднесена пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 72 - та седница, одржана на ден 29.07.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со бр. 09-7072/1 од 20.12.2021 година, оформен по доставена пријава од непознат подносител против службеното лице ------- -------, директорка на ОУ „------ ------" -------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата, односно нема можност да ја утврди фактичката состојба по наводите од пријавата, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-7072/1 од 20.12.2021 година е оформен врз основа на пријава доставена по електронска пошта против лице вработено во основното училиште ------- -------- во ---------, со наводи дека е во роднински врски со директорот на училиштето -------- ---------.

Притоа, во пријавата не е наведено кое лице е вработено и кој е бројот на огласот врз основа на кој е вработено лицето против кое се поднесува пријавата.

Со цел прецизирање на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија, на електронската пошта на подносителот на пријавата, испрати барање за обезбедување на потребните податоци и информации.

Во законски предвидениот рок, ДКСК не доби одговор на барањето.

Оттука, при повторно разгледување на пријавата, на седницата одржана на ден 29.07.2022 година, Државната комисија констатира дека во истата не се содржани доволно и прецизни податоци врз основа на кои може да се констатираат незаконити или недозволени дејствија, а поради фактот дека ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни податоци, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: Е.Н, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Ш.С, член на ДКСК